проектот е финансиран
од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ALDA
European Association for Local Democracy

Постапувајќи согласно одредбите на склучениот Договор помеѓу Македонски центар за меѓународна соработка и Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) Скопје, со број на договор 11-283/1-2018 во рамките на проектот „Усовршување на структурата за добро управување на АЛДА Скопје“ финансиран преку Програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС).

**Европска Асоцијација за локална демократија (АЛДА) - Скопје објавува**

## ПОВИК ЗА ИЗБОР НА 2 НАДВОРЕШНИ КОНСУЛТАНТИ

### 1. Информации за проектот

Проектот „Усовршување на структурата за добро управување на АЛДА Скопје“ има за цел подобрување на капацитетите за управување на АЛДА Скопје во согласност со демократските принципи на добро владеење, транспарентност и отчетност. Предвидените активности се во насока на усовршување на структурата за добро управување воспоставена во АЛДА Европа и нејзино трансферирање во работата на АЛДА Скопје преку ревидирање на постоечките документи и системи за внатрешно управување и зајакнување на капацитетите на АЛДА Скопје преку подобрување на стратешкиот пристап во работата во соработка со АЛДА Европа.

### 2. Цели и активности за кои се потребни консултанти:

Една од активностите на проектот предвидува ревидирање на стратешките документи и организациската структура. Целта на оваа активност е да се ревидираат постоечките документи и правилници за добро управување на АЛДА Скопје, како што се документите за внатрешни политики за организациско управување, за управување со човечки ресурси како и за стратешките определби. Оваа активност ќе им овозможи на вработените на АЛДА Скопје подобро да се запознаат со процесите на усовршување на документите, вештини кои ќе влијаат на позитивниот развој на организацијата.

Детали за активноста :

**Место на спроведување:** Скопје
**Траење и временска рамка:** 2 лица по 3 дена, вкупно 6 дена за потребите на обуката и 1 месец менторство (мај/јуни 2019 година – датумите ќе се одредат дополнително)
**Учесници:** Вработените на АЛДА Скопје (4 лица)

**Активности:**

1) Ревидирање на стратешки документи и на поставената организациска структура
2) Насочување на вработение на АЛДА Скопје кон изготвување стратешки документи и организациско управување
3) Следење на процес на усовршување на стратешки документи од страна на вработените на АЛДА Скопје

4) Менторство при подготовка на документите и усогласување на истите со македонските законодавни практики

## 3. Обем на работа

Консултантите ќе бидат ангажирани за:

- Утврдување на методологија за спроведување на активноста и конципирање на програма за процесот;
- Изработка на потребни материјали;
- Ревидирање на постоечките стратешки документи и организациското управување;
- Следење на процесот на усовршување на стратешки документи од страна на вработените на АЛДА Скопје;
- Евалуација на процесот;
- Изработка на извештај за спроведената активност;
- Менторство во период од 1 месец.

## 4. Период на ангажман

Мај/јуни 2019 година. Нарачателот го задржува правото да го промени периодот на ангажман согласно со потребите на проектот.

## 5. Потребни услови за аплицирање

Право на учество имаат физички лица, кои имаат искуство во работење со граѓански организации во споменатите области.

## 6. Критериуми за апликантите

- Минимум 3 години искуство во соодветната област
- Високо образование
- Високо познавање од областа на стратешко планирање, внатрешно работење и организациска структура
- Претходно искуство од областа ќе се смета за предност.

## 7. Процедура за аплицирање

Консултантите треба да аплицираат во тим од двајца кои заеднички ќе ја спроведуваат активноста и треба да ги поднесат следниве документи за двајцата консултанти :

- Работна биографија
- Краток опис кој ќе укаже дека го поседуваат соодветното професионално знаење и искуство за да учествуваат во горенаведената активност
- Методологија и организација за предложената активност
- Бруто цена за понудената услугата

Програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС)

8. **Критериуми за избор**

Примените апликации ќе бидат оценети според следниот критериум:

- Цена - 50% - по принципот на најниска цена;
- Квалитет - 50%

**Некомплетните апликации нема да бидат земени предвид.**

Потребните документи испратете ги на следната електронска адреса aldaskopje@aldaintranet.org најдоцна до **13 мај 2019 година**.